GRAD SKOPJE

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2023 година

Скопје, ноември 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36, став 1, од Законот за локалната самоуправа, (Службен Весник на РМ бр.05/02) и член 10 став 1 точка 5 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11), а во врска со член 7 став 3 од Законот за културата (Сужбен весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61,15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) Советот на Град Скопје на __- та седница, оддржана на __.__.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

за изменување на Програмата за финансирање
на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2023 година

I. Во Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2023 година (“Службен гласник на Град Скопје“ бр.02/23 и 19/23), во главата III. Финансирање, првиот пасус се менува и гласи:

Финансирањето на локалниот интерес во културата се врши од Буџетот на Град Скопје и од Буџетот на Република Северна Македонија преку Буџетот на Град Скопје и тоа преку наменска блок-дотација во износ од 201.048.000 денари, во што се вклучени платите, со средства во висина од 177.419.000 денари и тековните трошоци и програмите, со средства во висина од 23.629.000 денари.

**II.** Оваа Програма, влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Совет на Град Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

Број 27-___
_________2023 година
Скопје

**О б р а з л о ж е н и е**

Правен основ за донесување на оваа Програма е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен гласник на Република Македонија“ бр. 05/02), со кој е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, член 7 став 3 од Законот за културата (Сужбен весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61,15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) според кој локалниот интерес во културата се финансира согласно со програмата за култура што ја донесува Советот на Град Скопје, како и член 10 став 1 точка 5 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11), согласно кој една од надлежностите на Градот е културата.

Изменувањето на Програмата се должи на зголемувањето на средствата на блок дотацијата за култура за 2023 година во висина од 4.360.000 денари, кои се предлага да се распределат во делот за плати, придонеси и К-15 на вработените во 8-те установи од областа на културата и тоа по Програми К1 – библиотечна дејност, програма К2- музичко сценска и ликовна дејност и програма К3 – музејска дејност.

Согласно горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје за да ја донесе предложената Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансирање на јавните установи и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2023 година.